Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Број 05- 5306/1
15 -09- 2017 .2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 49, став 1 и член 55, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на РМ", бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 14 од Упатството за финансиско и материјално работење на Министерството за финансии во 2017 година, бр. 05-1068/1 од 15.02.2017 година, министерот за финансии донесува:

# РЕШЕНИЕ
## за правото на користење на угостителски услуги во Министерството за финансии

1.Право на бесплатно користење на угостителски услуги од интерното бифе за свои потреби, за странки и за службени состаноци до определен вкупен месечен износ имаат следниве лица од Министертвото за финансии :

| | |
|---|---|
| - министер | до 25.000,00 денари, |
| - заменик министер | до 15.000,00 денари, |
| - државен секретар | до 10.000,00 денари, |
| - директор на орган во состав на МФ | до 3.500,00 денари, |
| - државен советник | до 2.000,00 денари, |
| - раководител на сектор во МФ | до 3.000,00 денари, |
| - раководител на сектор во орган во состав на МФ | до 1.500,00 денари, |
| - сала за состаноци | до 30.000,00 денари, |
| - кабинет на министерот | до 45.000,00 денари. |

Под сала за состаноци се подразбира, трошокот направен за угостителски услуги за учесниците на состаноците, кои ќе бидат водени од министер, заменик министер, државен секретар или од раководител на сектор, со претходно одобрение од министерот или овластено лице од министерот.

Под кабинет на министерот се подразбира, трошокот направен за угостителски услуги на вработените во кабинетот на министерот и посебните советници во кабинетот на министерот.

Во случај кога нема назначено раководител на секторот/раководител на секторот во орган во состав/директор на органот во состав, лицето кое привремено е овластено, да

раководи со секторот/органот во состав, има право на износот, определен за раководителот на секторот/раководителот на сектор во орган во состав/директорот на органот во состав.

2.Нарачките за лицата наведени во алинеите 1, 2, 3 и 4 од точка 1 на ова решение се вршат преку техничките секретари, кои при секое доставување на нарачката, се должни да ги потпишуваат парагон-блоковите, заради евиденција и срамнување по истекот на секој месец од тековната година.

Лицата наведени во алинеите од 5 до 7 од точка 1 на ова решение, нарачките ги вршат сами или преку лица од секторот/органот во состав, што сами ќе го определат.

Нарачката за салата за состаноци, наведена во алинеа 8 од точка 1 на ова решение, се врши преку техничките секретари на министерот, односно заменик министерот, односно државниот секретар, односно раководителот на сектор, на кој претходно му е одобрен трошок за угостителски услуги од министерот или лице овластено од министерот, и при секое доставување на нарачката, се должни да ги потпишуваат парагон-блоковите, заради евиденција и срамнување, а вкупниот месечен износ како трошок на салата за состаноци, го потврдува/одобрува, лицето овластено од министерот, по истекот на секој месец од тековната година.

Нарачката за кабинет на министерот наведена во алинеа 9 од точка 1 на ова решение, ја вршат самите лица вработени во кабинетот, односно посебните советници во кабинетот на министерот и при секое доставување на нарачката, се должни да ги потпишуваат парагон-блоковите, заради евиденција и срамнување, а вкупниот месечен износ како трошок на кабинетот на министерот, го потврдува/одобрува, лицето овластено од министерот, по истекот на секој месец од тековната година.

3.Лицата наведени во точка 1 на ова решение, може да користат угостителски услуги од интерното бифе, кое е лоцирано во објектот на МФРМ.

Интерно бифе е актуелното угостителско правно лице со кое Министерството има склучено Договор за вршење на угостителски услуги, согласно Законот за јавни набавки.

Под угостителски услуги, во смисла на ова решение, се подразбира: нарачки на безалкохолни пијалаци (овошни и газирани сокови, природни лимонади, минерални води, сите видови на кафиња, какао, чај, топло чоколадо и сл.) и додатоци за кафе/чај (млеко, шеќер,мед).

4.Угостителските услуги, може да опфаќаат и кетеринг услуги, за потребите на Министерството, кои ќе ги обезбеди интерното бифе или друго угостителско правно лице, за настани како што се: коктели, конференции, семинари, работилници, состаноци со делегации и сл., и истите може да се реализираат, во или надвор од објектот на МФРМ, во зависност од природата на настанот, по доставување на барање за набавка, на

пропишаниот образец "БН" до Секторот за правни работи со вкупен месечен износ до 500,00 евра, без ддв, во денарска противвредност, сметано по официјалниот среден курс на НБРМ, на денот на пресметката, при што истото, ќе биде одобрено од министерот или од лице овластено од министерот.

5.Користењето на угостителски услуги при одржување на коктели, конференции, семинари, работилници, состаноци со делегации и слично, во или надвор од објектот, во

кој е лоцирано Министерството за финансии и кои надминуваат вкупен месечен износ од 500,00 евра, без ддв, во денарска противвредност, сметано по официјалниот среден курс на НБРМ, на денот на пресметката, се одобрува со посебен акт.
Угостителски услуги, кои се однесуваат за службени состаноци со званични учесници на Министерството за финансии, кои надминуваат вкупен износ од 500,00 евра, без ддв, во денарска противвредност, сметано по официјалниот среден курс на НБРМ на денот на пресметката, се одобрува со посебен акт на кој му претходи известување/барање за одобрување, со податоци на рангот и бројот на учесниците, проценетата вредност на набавката и евентуално други податоци.

Актите од став 1 и 2, на оваа точка ги изготвува, Секторот за правни работи, до кого што се доставува, барање за набавка, а во прилог се наведуваат, податоци за датумот и местото на одржувањето, за поводот/темата, за рангот и бројот на учесниците/гостите, за видот на угостителските услуги што треба да се дадат и евентуално други податоци, а ги одобрува министерот или лице овластено од министерот.

6.Лицата од точка 1 на ова решение, кои што ќе нарачаат угостителски услуги, спротивно на одредбите од ова решение : над определениот износ или што ќе нарачаат друг вид на угостителски услуги од определеното со ова решение, износот, односно разликата во износот ја надоместуваат сами.

7.Угостителските услуги што се даваат во објектите на Службата за општи и заеднички работи, ги одобрува/парафира, министерот, односно лице овластено од министерот.

8.Државните службеници и другите работници во Министерството за финансии, кои не се опфатени со точка 1 од ова решение, немаат право на определен бесплатен надоместок за угостителски услуги во интерното бифе и трошоците за направените нарачки сами си ги плаќаат.

9.Плаќањето на средствата за извршените набавки, опфатени со ова решение, се врши од редовната сметка на Министерството за финансии 090010016763719, буџетска програма 10, расходна ставка 426.

10.По исклучок од одредбите на ова решение, се одобрува плаќање на средства од сметката на Министерството за финансии за набавка на угостителски услуги - прехранбени производи за потребите на државните службеници и на другите работници на Министерството за финансии извршена за време на продолженото работно време, по претходно одобрение на Министерот или овластено лице од министерот со максимален лимит-износ од 300,00 денари по лице за ден.

11.Се задолжува, Секторот за правни работи, да го следи спроведувањето на ова решение, да го извести интерното бифе, да им достави список на лицата, што имаат право на користење на бесплатни угостителски услуги до определен износ и да достави копија од ова решение до лицата од точка 1 на ова решение.

12.Се задолжуваат раководителите на секторите, раководителите на секторите во органите во состав на Министерството за финансии и директорите на органите во состав на Министерството за финансии, да ги запознаат вработените од организационите делови со кои раководат, со содржината на ова решение.

13.Ова решение влегува во сила од 15.09.2012 година.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Секторот за правни работи,
- Кабинетот на министерот, заменик министерот и државниот секретар,
- раководителите на секторите и секторите на органите во состав на МФРМ,
- директорите на органите во состав на МФРМ и
- писарницата на Министерството.

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

Изготвил: Елена Петровска
Проверил: Зорка Костовска
Согласни : Душко Тасев
Татјана Трајковска
Одобрил: Елена Трпковска